ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

21. 07. 2011
03 9390
09-11818/1
19 -07- 2011

Записник од состанок со Лекарска Комора на Македонија

Одржан во ФЗОМ, на ден 13.07.2011година

Состанокот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Лекарска Комора на Македонија се одржа во просториите на ФЗОМ на ден 13.07.2011година. Состанокот беше организиран од страна на Директорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, М-р. Маја Парнарџиева Змејкова и М-р. Виолета Петровска, а на барање на Претседателот на Лекарска Комора на Македонија Проф. Д-р. Владимир Борозанов.
На оваа средба вниманието беше посветено на следните теми:

1. **Договорање и усогласување на условите за понатамошна соработка помеѓу ФЗОМ и ЛКМ**

Од страна Претседателот на ЛКМ, Проф. Д-р. Владимир Борозанов како вовед во состанокот беше нагласена потребата за севкупно продлабочување и подобрување на понатамошната сотаботка помеѓу ФЗОМ и ЛКМ.
Првиот акцент беше ставен на веќе започнатата соработка на регионалните претставници на ЛКМ со ПС на ФЗОМ за која тие имаат потреба да се формализира и официјализира.

- Директорите на ФЗОМ ја прифатија оваа иницијатива и се согласија ЛКМ да достави предлог Меморандум за соработка меѓу ЛКМ и ФЗОМ околу комуникацијата на регионално ниво

Потоа ЛКМ побара од ФЗОМ да се изнајде начин да се смири негативната атмосфера меѓу докторите, како и поради отсуство во моментов од член од Лекарската комора (согласно законот во моментов претставник е Стоматолошка комора) во Управниот одбор на ФЗОМ, а и поради нивната потреба од навремени информации кои тие ги добиваат

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000
Тел.: 02 3289
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

со задоцнување поради отежната коордиација со Стоматолошка Комора на Македонија, да се изнајде начин за координација меѓу ФЗОМ и ЛКМ

Во контекст на овие прашања за соработката меѓу ФЗОМ и ЛКМ, директорот на ФЗОМ, М-р. Маја Парнарџиева – Змејкова имаше неколку забелешки.

Генералниот впечаток на Фондот е дека негативната атмосфера кај докторите ја подгреваат одредени поединци во рамките на Лекарската комора и дека Раководството на Лекарската комора треба навистина да ги воочи проблемите, причините, односно провокациите кои постојано се појавуваат се со цел да се прикаже дека соработката со Фондот е деструктивна. Напротив, таа е конструктивна, но под услов и двете страни да имаат искрени намери за подобрување на системот
Една од забелешките се одесуваше на непочитувањето на текот на веќе договорените активносити по однос на Проекот за печатени рецепти. Имено ФЗОМ и ЛКМ во месец февруари преговараа за новите договори со ПЗУ за 2011/2012г. Тогаш било договорено и тоа на барање на ЛКМ, Печатениот рецепт да започне да функционира на 01.07.2011г. Директорот на ФЗОМ обрна внимание на информациите кои беа пласирани во медиумите, од страна на одредени претставници на лекарската комора, дека уште на почетокот на Проектот веќе има појава на фалсификување на печатени рецепти. Тоа е доказ дека кога две институции ќе се договорат за спроведување на одреден проект за доброто на осигурениците, докторите и аптеките и тоа шест месеци претходно, се очекува целосна поддршка за истиот, а не индиректна критика. Искреноста и желбата за добра соработка би се покажале доколку јавно се поддржеше проектот, а за евентуалните ризици, навреме сигнализираше. Како и да е директорката даде пример за надминување на ризиците, односно спојување на податоците за реализирани рецепти (врз основа на кои се контролиарт целите на докторите), со податоците од докторите за издадени рецепти. Ваквата комуникација е возможна, а со тоа и се надминува проблемот со фалсификувани рецепти на товар на докторите.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Лекарската комора потврди дека темата за печатени рецепти не била дискутирана на извршен одбор и дека како комора уште од февруари јавно ја искажаа поддршката за проектот.

Друга забелешка е тоа дека од страна на ЛКМ има еден вид на попречување на Проектот ИЗИС и Проектот ЕЗК поради некои неисполнети очекувања, а кои од страна на фелата се побарани од Министерството за здравство. Во оваа некоординирана активност помеѓи МЗ и ЛКМ има момент на изоставување на фактот дека овие два проекта се одесуваат на целиот здравствен систем во Република Македонија.

Во насока на оваа збелешка од ЛКМ се произнесоа дека тие од самиот почеток безрезервно го поддржуват процесот на информатизација (ИЗИС и ЕЗК ) на здравството во Р. Македонија

2. **Предлог за измена на режимот на пропишување на лекови**

За прашањето за измена на режимот на пропишување на лекови, воедно и за позитивната листа на лекови, констатирано е и од страна на ФЗОМ и од страна на ЛКМ дека има постојано активности кои се во насока да се прошири позитивната листа на лекови. За предлогот да има измена во режимот на пропишување на лекови, ФЗОМ побара во февруари 2010г., а ЛКМ достави прво во декември 2010г., па потоа во јуни 2011г. список со лекови за кои ЛКМ смета дека е потребна ревизија. Откако ќе се направи анализа во ФЗОМ на доставениот материјал, ФЗОМ и ЛКМ ќе треба да организираат работна средба за филтрирање на барањата. Ова од причина што дел од барањата веќе се на тој начин регулирани во позитивната листа, дел од барањата се спротивни и од пракса во другите земји, а дел треба да се појаснат. Во секој случај, после филтрирање на барањето, тоа ќе биде земено во предвид од страна на новата Комисија за позитивна листа, која се очекува да биде формирана од Владата на РМ наскоро, а по нова по утврдена методологија за режим на пропишување на лекови, кој Фондот во моментов ја изработува. По однос на оваа анализа закажан е заеднички состанок на ФЗОМ и ЛКМ за 20.07.2011г.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, ...
Тел.: 02 32...
Централа: 02 3289 ...
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

ФЗОМ ги информираше ЛКМ дека во подготовка е Правилник за позитивна листа на лекови, кој ќе биде даден на јавна дебата во тек на месец Август.

3. **Предлог за имена на Л-листа**

ЛКМ беа информирани дека Фондот уште на 1ви април искажа добра волја за ревидирање на листата Л по добивање на предлози од комората и ЗПЛРМ. Имајки во предвид дека предлозите беа доставени во јуни веќе се работи во ФЗОМ за анализа на предлозите и во најскоро време ЛКМ ќе добие драфт материјал за да даде свое мислење, по што ќе следи негово одобрување од страна на Управниот одбор на ФЗОМ.

4. **Закон за здравствено осигурување (член 4)**

Ставот на ФЗОМ по однос на тоа дека не се признава мислење од специјалист, ако тој нема договор со ФЗОМ си останува затоа што тоа е уредено со закон. Овој закон е во надлежност на Министерство за здравство и околу ова прашање потребно е да се дискутира со сите инволвирани страни, одговарајќи при тоа на прашањето кој ќе врши контрола врз овие специјалисти кои немаат договор со ФЗОМ, а при тоа креираат финансиски трошок на Фондот. Фондот јавно укажа дека нема капацитет да врши контрола и на специјалисти кои немаат договор и дека тоа се очекува да се спроведе евентуално или од Министерство за здравство или од стручен надзор од Лекарска комора.

5. **Проект за невработени лица**

Директорот на ФЗОМ ја информираше ЛКМ по однос на ова прашање со цел да се појасни моментната состојба на овој проект. Проектот е подготвен од страна на Министерството за финансии и е вметнат во Законот за социјално осигурување во декември 2010 година, а ќе се применува од септември 2011 година. ФЗОМ започнува два месеци порано (на 1ви јули) со пререгистрација на невработените осигуреници, со голема кампања и повици преку медиумите до невработените, само за да не се случи да некој од невработените остане без здравствено осигурување на денот 01.09.2011г, кога ќе започне да се применува

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

новиот закон. Станува збор за голема жртва во ФЗОМ, успорувајќи ги другите проекти, а се со цел 250.000 невработени кога одат на задолжителна пријава во АВРМ за да го потврдат статусот на невработени, истовремено да достават изјава на шалтерите на Фондот за да се реализира пререгистрецијата. Дали сите 250.000 лица ќе се појават до 1ви септември звиси од нив самите, бидејки државните институции прават и ќе прават се за проектот да се реализира без поголеми проблеми.

Истовремено е побарано од ЛКМ оваа информација да биде официјално дистрибуирана до сите матични лекари, кои се исплашени дека во септември бројот на осигурениците драстично ќе им се намали поради овој проект. ФЗОМ започна два месеци порано со пререгистрација со цел сите да имаат време и можност да го испочитуваат законот и роковите, а по новиот принцип секој кој заработувал над нивото на егзистенција, треба да плаќа здравствено осигурување, а не да биде на товар на Буџетот на РМ..

На крај присутните се согласија за корисноста од овој состанок и истовремено изразија надеж дека ќе продолжи и ќе се продлабочи редовната соработка меѓу ФЗОМ и ЛКМ

Изработил
Луиза Јакимовска

Директор на ФЗОМ

М-р. Маја Парнарџиева-Змејкова
М-р. Виолета Петровска

Лекарска комора на Македонија

Проф. Д-р. Владимир Борозанов
Д-р. Стоје Стојмановски